**КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ**
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**KOMISIONI I LETRAVE ME VLERË**
I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
**SECURITIES AND EXCHANGE COMMISSION**
OF THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

# ФИНАНСИСКИ ПЛАН

# НА КОМИСИЈАТА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## ЗА ДЕЛОВНАТА 2022 ГОДИНА

## I. ЗАКОНСКА ОСНОВА ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН НА КОМИСИЈАТА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА:

Врз основа на член 184 став 1, алинеа н) од Законот за хартии од вредност ("Службен весник на РМ" бр. 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013, 43/2014,15/2015, 154/2015, 192/2015, 23/2016 и 83/2018 и Службен весник на РСМ" бр.31/20), Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија донесува програма за работа, финансиски план и годишна сметка и го усвојува годишниот извештај за работењето на Комисијата.

Во финансискиот план детално се презентирани планираните приходи и расходи на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија, планирани врз основа на законските надлежности и предвидените активности за 2022 година согласно Програмата за работа.

### ФИНАНСИСКИ ПЛАН НА КОМИСИЈАТА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА ДЕЛОВНАТА 2022 ГОДИНА

| | *ОПИС* | *Планирано 2022* | *%* |
|---|---|---|---|
| ***А*** | ***ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ*** | | |
| ***1*** | *Планирани приходи од надоместоци согласно Тарифник на КХВ на РСМ (од 1-7 од табела II)* | 59.855.000 | *87,25%* |
| ***2*** | *Планирани приходи од камати* | 600.000 | *0,87%* |
| ***3*** | *Останати планирани приходи (9 и 10 од табела II)* | 150.000 | *0,22%* |
| ***4*** | *Резервен фонд* | 8.000.000 | *11,66%* |
| | ***ВКУПНО ПРИХОДИ*** | **68.605.000** | ***100%*** |
| ***Б*** | ***ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ*** | | |
| ***1*** | *Материјални трошоци* | 5.410.000 | *7,89%* |
| ***2*** | *Трошоци за вработени* | 35.000.000 | *51,02%* |
| ***3*** | *Надоместоци за надворешни комисионери* | 1.800.000 | *2,62%* |
| ***4*** | *Нематеријални трошоци* | 20.045.000 | *29,22%* |
| ***5*** | *Данок на вкупни приходи* | 800.000 | *1,17%* |
| ***В*** | ***НАБАВКА НА СТОКИ И РАБОТИ*** | 5.550.000 | *8,09%* |
| ***Г*** | ***ВКУПНО РАСХОДИ (Б+В)*** | ***68.605.000*** | ***100%*** |
| ***Д*** | ***ПРИХОДИ – РАСХОДИ (А-Г)*** | ***0*** | |

# II. ПРЕГЛЕД НА ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ЗА 2022 ГОДИНА

| | ***Приходи*** | ***Планирано 2021*** *(во денари)* | ***Остварени приходи 2021*** *(во денари)* | ***% на реализација*** | ***Планирано 2022*** *(во денари)* |
|---|---|---|---|---|---|
| **1** | *Приходи од одобренија (емисии,преземања на АД)* | *23.950.000* | *26.016.342* | *108.6%* | *19.000.000* |
| **2** | *Приходи од надзор на брокерски куќи* | *3.000.000* | *4.425.913* | *147.5%* | *4.105.000* |
| **3** | *Приходи од надзор на ДУИФ и инвестициски фондови* | *15.000.000* | *15.517.463* | *103.4%* | *16.000.000* |
| **4** | *Приходи од надзор на Македонска Берза* | *7.500.000* | *10.571.711* | *141%* | *9.000.000* |
| **5** | *Приходи од надзор на ЦДХВ* | *7.500.000* | *9.219.699* | *122.9%* | *8.000.000* |
| **6** | *Приходи од дозволи и други согласности* | *1.000.000* | *2.251.311* | *225.1%* | *2.550.000* |
| **7** | *Приходи од организирање на обуки / полагање на испити* | *500.000* | *875.000* | *175%* | *1.200.000* |
| **8** | *Приходи од камати за депозити* | *2.000.000* | *1.546.825* | *77.3%* | *600.000* |
| **9** | *Останати приходи* | *300.000* | *341.100* | *170.6%* | *150.000* |
| **10** | *Приходи од продажба на недвижен и подвижен имот* | *200.000* | *102.305* | *34.1%* | *-* |
| **11** | *Резервен фонд* | *6.330.000* | *-* | *-* | *8.000.000* |
| | ***Вкупен приход*** | ***67.280.000*** | ***70.867.669*** | ***105.3%*** | ***68.605.000*** |

***Планирани vs Остварени приходи 2021***



## ПОЈДОВНИ ОСНОВИ ПРИ ПРОЕКТИРАЊЕ НА ПРИХОДИТЕ ЗА 2022 ГОДИНА:

Проектирањето на приходите на Комисијата за 2022 година претставува одраз на очекувањата за:

- очекуваниот број на емисии на хартии од вредност кои ќе бидат резултат на потребата од дополнителен капитал пред се кај финансиските институции од банкарскиот и осигурителниот сектор;
- зголемената нето вредност на имотот под управување од страна на друштвата за управување со отворени и затворени инвестициски фондови, поголем број на отворени фондови и нови друштва кои се најавуваат да бидат основани наредната година;
- зголемениот обем на тргување на секундарниот пазар на хартии од вредност.

Во Законот за хартии од вредност е утврдена законската основа за остварување на приходите пришто согласно член 227 од Законот за хартии од вредност средствата за работа се обезбедуваат од надоместоци кои Комисијата ги наплатува за покривање на трошоците за извршените услуги. Надоместоците што ги наплатува Комисијата се:

а) надоместоци за одлучување по барање на одобрение за издавање на хартии од вредност и надоместоци за одлучување по барање на дозволи за работење на сите овластени учесници на пазарот со хартии од вредност, односно брокерски куќи, берзи, депозитари, банки, брокери и инвестициони советници;

б) надоместоци утврдени со Законот за инвестиционите фондови и Законот за преземање на акционерски друштва;

в) надоместоци за одлучување по барање на согласност на актите на здруженијата на учесниците на пазарот на хартии од вредност;

г) надоместоци за одлучување по барање на согласност за именување на директори на учесниците на пазарот на хартии од вредност;

д) надоместоци за надзор на берзите; надоместоци за надзор на брокерските куќи; надоместоци за надзор на депозитарите;

ѓ) надоместоци за вршење теренска контрола кај учесници на пазарот на хартии од вредност;

е) надоместоци за разгледување и проверка на извештаите на акционерски друштва со посебни обврски за известување и

ж) други приходи што Комисијата ги остварува од своето работење.

Во 2022 година главните извори на приходи се планира да се остварат од:

-надоместоци за одлучување по барање на одобрение за издавање на хартии од вредност и преземање на акционерски друштва со предвидени 27,69% од вкупните приходи проектирани за 2022 година;

- надоместоци за надзор на берзата со 13,12%, централен депозитар за хартии од вредност со 11,66%, брокерските куќи и банките со 5,98%, друштвата за управување со инвестициски фондови и инвестициските фондови со 23,32%;

- надоместоци за одлучување по барање на дозволи, согласности и организирање на обуки со предвидени 5,47% од вкупните приходи проектирани за 2022 година;

- други приходи од редовно работење со предвидени 0,22% од вкупните приходи проектирани за 2022 година;

Согласно член 228 став 1 од Законот за хартии од вредност, од вишокот на приходи над расходи од работењето на Комисијата се формира резервен фонд. Средствата од резервниот фонд се користат за финансирање на недостигот на средства на Комисијата, премостување на временската неусогласеност на приходите над расходите на Комисијата и во функција на развој и унапредување на работењето на Комисијата.

Во 2022 година имајќи ги предвид програмските определби за имплементацијата за добрите корпоративни практики, заложбите за активна посредна и непосредна супервизија на овластените учесници на пазарот на капитал, поттикнување на издавање на општински обврзници и следење на зелената агенда преку поддршка на проекти кои значат заштита на животната средина, финансиска едукација преку утврдување на принципи и добри практики прифатливи за различни интересни групи, очекуваното донесување на новата законска регулатива на пазарот на капитал и Законот за финансиска стабилност со кои ќе бидат предвидени проширени надлежности на Комисијата, како и активностите поврзани со воведување на изборен предмет во средните училишта за пазарот на капитал и обуките кои треба да се организираат за наставниците се планира искористување на дел од акумулираните средства на резервниот фонд во висина од 11,66% од планираните приходи заради имплементација на зацртаните активности и задачи.

***Структура на планирани приходи за 2022 година***



## III. ПРЕГЛЕД НА ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ ЗА 2022 ГОДИНА

| | ВИД НА РАСХОДИ | Одобрено 2021 (во денари) | Реализирано 2021 (во денари) | Индекс на реализација % | План 2022 (во денари) |
|---|---|---|---|---|---|
| А | ***МАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ (1+2+3+4+5+6+7+8)*** | 5.660.000 | **3.268.008** | **57,74%** | **5.410.000** |
| 1 | Трошоци за електрична енергија | 850.000 | 697.484 | 82,06% | 1.800.000 |
| 2 | Трошоци за вода и комунални услуги | 100.000 | 67.032 | 67,03% | 100.000 |
| 3 | Трошоци за фиксна телефонија, интернет и кабелска ТВ | 360.000 | 335.208 | 93,11% | 360.000 |
| 4 | Трошоци за мобилна телефонија | 500.000 | 430.179 | 86,04% | 300.000 |
| 5 | Трошоци за поштенски услуги | 300.000 | 238.177 | 79,39% | 300.000 |
| 6 | Трошоци за весници, списанија и објави (Службен весник, ЕСЈН, дневни весници, неделници и др) | 2.850.000 | 1.140.301 | 40,01% | 2.000.000 |
| 7 | Трошоци за претплата на информативни агенции | 300.000 | 174.168 | 58,06% | 250.000 |
| 8 | Трошоци гориво, паркинг и патарини | 400.000 | 185.459 | 46,36% | 300.000 |
| Б | ***ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИ*** *(бруто плати и надоместоци согласно колективен договор и договор по ЗРО )* | **33.500.000** | **31.078.116** | **92,77%** | **35.000.000** |
| В | ***НАДОМЕСТОЦИ ЗА НАДВОРЕШНИ ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА*** *(бруто надоместоци)* | **1.800.000** | **1.760.004** | **97,78%** | **1.800.000** |
| Г | ***НЕМАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ (1.1-1.7)*** | **19.390.000** | **12.981.843** | **66,95%** | **20.045.000** |
| 1.1 | **Трошоци за редовно работење во дејноста** | **5.650.000** | **4.207.673** | **74,47%** | **6.805.000** |
| 1.1.1 | Трошоци за организација на обуки за инвестициски советници, брокери и корпоративни секретари | 750.000 | 277.812 | 37,04% | 400.000 |
| 1.1.2 | Трошоци за стручно усовршување, обука на вработените и семинари | 400.000 | 281.434 | 70,36% | 1.000.000 |
| 1.1.3 | Набавка на правни и консултантски услуги во областа на правото и IT услуги | 750.000 | 266.407 | 35,52% | 450.000 |
| 1.1.4 | Набавка на услуга-ревизија на завршната сметка | 200.000 | 177.000 | 88,50% | 180.000 |
| 1.1.5 | Набавка на печатарски услуги | 850.000 | 734.289 | 86,39% | 1.200.000 |
| 1.1.6 | Набавка на преведувачки и лекторски услуги | 2.400.000 | 2.398.515 | 99,94% | 3.500.000 |
| 1.1.7 | Набавка на услуга- електронска збирка на прописи | 100.000 | 72.216 | 72,22% | 75.000 |
| 1.1.8 | Расходи за соработка со други регулаторни тела и меѓународни организации | 200.000 | - | - | - |
| 1.2 | **Трошоци за членарини** | **1,270,000** | **1.208.143** | **95,13%** | **1.240.000** |
| 1.2.1 | Трошоци за годишна членарина IOSCO | 1,150,000 | 1.112.617 | 96,75% | 1.120.000 |
| 1.2.2 | Трошоци за годишни членарини во други организации (Меѓународна мрежа за финансиска едукација,OPM) | 120,000 | 95.526 | 79,61% | 120.000 |